Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ
## ОД АНАЛИЗИ НА ТРОШОЦИ И ПРИДОБИВКИ ВО ЗДРАВСТВОТО ПОВРЗАНИ СО УПОТРЕБА НА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024



СКОПЈЕ, 2024

Институт за јавно здравје на
Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД АНАЛИЗИ НА ТРОШОЦИ И ПРИДОБИВКИ ВО ЗДРАВСТВОТО ПОВРЗАНИ СО УПОТРЕБА НА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024

СКОПЈЕ, 2024

**Издавач:** ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** Д-р сци. Марина Бачановиќ

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска

Борче Андоновски

**Печати:**

**Тираж**:

СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| ПРЕДГОВОР | | 7 |
| 1. | ВОВЕД | 9 |
| 2. | МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ НА РАБОТА | 13 |
| 3. | РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА | 15 |
| 4. | ЗАКЛУЧОК | 25 |
| 5. | ПРЕПОРАКИ | 26 |
| 6. | Литература | 28 |

# ПРЕДГОВОР

Извештајот е изготвен согласно Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2024 година ("Службен весник на РСМ„, бр. 18, од 25 јануари 2024 година).

Овој извештај претставува анализа на трошоците поврзани со пушењето и придобивките за здравствениот сектор од мерките за контрола на употребата на тутун и тутунски производи. Во него се разгледуваат релевантни студии спроведени во нашата земја, како и странски студии кои обезбедуваат дополнителен контекст и перспектива, со цел да се обезбедат податоци и препораки за подобрување на јавното здравје, како и да се идентификуваат клучните области кои бараат интервенција.

Тутунот е меѓу најголемите ризици за јавното здравје, предизвикувајќи сериозни здравствени проблеми и значителни финансиски трошоци за здравствениот систем. Во извештајот се разгледуваат директните и индиректните трошоци кои произлегуваат од лекувањето на болести предизвикани од пушењето, како и економските и здравствените придобивки од мерките за контрола на тутунот.

Целта на извештајот е да се истакнат економските влијанија од употребата на тутун и да се поддржат стратегиите и политиките кои можат да ја намалат преваленцата на пушењето, подобрувајќи го здравјето на населението и намалувајќи ги долгорочните трошоци за здравствената заштита. Во извештајот, исто така, се предлагаат препораки за идни активности со цел да се зајакне јавноздравствениот одговор на овој сериозен проблем.

# 1. ВОВЕД

Растечкиот товар од незаразните болести (НКБ) во земјите во развој значително го зголеми интересот за следење на економските трошоци поврзани со факторите на ризик, како што е употребата на тутун. Како резултат на оваа глобална загриженост, во 2012 година Генералното собрание на ОН ја усвои Политичката декларација, во која се истакнува економскиот товар што произлегува од долготрајните трошоци за лекување и загубата на продуктивност. Во 2015 година, Генералното собрание ја усвои Агендата за одржлив развој до 2030 година, која вклучува 17 цели, меѓу кои и целта за намалување на предвремената смртност од НКБ, како и зајакнување на спроведувањето на Рамковната конвенција на Светската здравствена организација (СЗО) за контрола на тутунот. СЗО нагласи дека многу земји сè уште не вовеле целосни мерки за контрола на тутунот, што ги изложува нивните популации на зголемен ризик од заболувања и смрт поврзани со пушењето. Сепак, сите земји имаат потенцијал да имплементираат економски докажани политики за контрола на тутунот, кои не само што го заштитуваат здравјето, туку и придонесуваат за постигнување на развојните приоритети, како што се Целите за одржлив развој (ЦОР) (1).

Употребата на тутун останува една од најголемите закани за јавното здравје, со над 8 милиони смртни случаи поврзани со тутунот секоја година, а контролата на тутунот продолжува да биде глобален здравствен приоритет. Пушењето претставува сериозен јавноздравствен проблем и во Р.С. Македонија, со загрижувачки висока стапка на пушење. Така, нашата земја е рангирана меѓу десетте земји во светот со највисока стапка на пушење, при што оваа стапка кај возрасните достигнува 48,4 проценти во 2019 година, што е значително повисоко од просекот во Југоисточна Европа (37,6 %), Европската Унија (18,4 %) и глобалниот просек (22,3 %). Голем број пушачи во Р.С. Македонија започнуваат со пушење на многу рана возраст, а 51,3 % од нив започнуваат меѓу 18 и 24 години. Дополнително, 44,4 % од сегашните пушачи консумираат повеќе од 20 цигари дневно (2).

Податоците покажуваат дека во 2022 година цените на цигарите во земјата беа релативно ниски, варирајќи од 1,82 до 2,77 УСД по кутија, додека просечната месечна нето плата изнесуваше 572,11 УСД. Нашата држава има и најдостапни цигари во регионот, бидејќи за купување на 100 кутии од најпродаваните цигари е потребно само 0,03 проценти од просечниот БДП по глава на жител (Светска банка 2023 година; Податоци на Државниот завод за статистика 2023 година). Ова покажува дека цигарите се многу лесно достапни во земјата.

Даночната стапка на тутун во нашата земја е многу ниска, со акциза која во 2023 година изнесуваше 65,6 проценти од просечната цена на цигарите, што укажува на потенцијал за подобрување на даночната политика (2).

Истражувањата покажуваат дека повисоките цени на тутунот значително ја намалуваат потрошувачката – зголемување на цената за 10 проценти може да резултира со намалување на потрошувачката за 4 до 8 проценти. Акцизите, исто така, создаваат значителни приходи за владите, кои можат да се искористат за поддршка на програмите за контрола на тутунот и за унапредување на здравјето на населението (2).

# 2. АНАЛИЗАТА НА ТРОШОЦИТЕ И ПРИДОБИВКИТЕ ВО ЗДРАВСТВОТО ПОВРЗАНА СО УПОТРЕБА НА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Анализата на трошоците и придобивките во здравството поврзана со употреба на тутун и тутунски производи е сложен и многудимензионален процес кој опфаќа економски, социјални и здравствени аспекти. Тутунот е добро познат по своите негативни ефекти врз здравјето, предизвикувајќи низа болести, вклучувајќи рак на белите дробови, срцеви заболувања, хронични респираторни болести и други состојби што значително влијаат врз јавниот здравствен систем. Контролата на употребата на тутун, од друга страна, носи значителни придобивки за јавното здравје, вклучувајќи намалување на стапките на заболувања и смртност поврзани со пушењето, како и економски заштеди преку намалени трошоци за здравствена заштита. Затоа, анализата на трошоци и придобивки има за цел да ја измери нето вредноста на влијанието на тутунот врз здравствениот и економскиот систем.

## 2.1. Трошоци во здравството од употреба на тутун и тутунски производи

На глобално ниво, употребата на тутун е еден од главните фактори за смртност која може да се спречи. Според СЗО, тутунот предизвикува повеќе од 8 милиони смртни случаи годишно, од кои повеќе од 7 милиони се резултат на директна употреба на тутун, додека останатите се поврзани со изложеност на пасивно пушење. Глобалните економски трошоци кои се припишуваат на пушењето, опфаќаат директни здравствени трошоци и индиректни трошоци кои произлегуваат од загубата на продуктивноста. Овие трошоци во здравството поврзани со употреба на тутун и тутунски производи претставуваат значителен товар за јавниот здравствен систем и општеството во целина, опфаќајќи повеќе аспекти на здравствените услуги, економската продуктивност и социјалните последици, што резултира со огромни финансиски и здравствени последици. Така, вкупните економски трошоци од

пушењето се проценуваат на 1852 милијарди долари, што е еквивалентно на 1,8% од годишниот БДП во светот. Глобалните здравствени трошоци што се припишуваат на болестите поврзани со тутунот беа пресметани на 422 милијарди американски долари во 2012 година, што претставува 5,7% од глобалните здравствени трошоци (1).

Директните трошоци претставуваат најочигледниот финансиски товар што произлегува од употребата на тутун. Тие вклучуваат трошоци за здравствени услуги поврзани со лекување на болести предизвикани од пушењето, како што се рак на белите дробови, кардиоваскуларни заболувања, хронични респираторни болести и други здравствени состојби кои се поврзуваат со долгогодишна изложеност на тутун. Севкупно, болестите што се припишуваат на пушењето сочинуваат 12% од сите смртни случаи меѓу работоспособното население во светот, при што овој процент е највисок во Европа и Америка каде што епидемијата на тутун е во доцна или зрела фаза на развој (1).

Здравствените системи, како јавни така и приватни, се соочуваат со огромни трошоци за дијагностика, медицински интервенции, хируршки процедури, хоспитализации и рехабилитација на пациенти кои се заболени од овие болести. Во земјите со јавни здравствени системи, значителен дел од овие трошоци се покрива од државните буџети, што претставува сериозен товар за здравствениот сектор и го зголемува финансискиот притисок врз јавните ресурси. Поради хроничната природа на многу од овие болести, трошоците не се еднократни, туку продолжуваат во текот на годините, создавајќи долгорочен економски товар врз здравствениот систем и пациентите. Пациентите кои се погодени од заболувања предизвикани од пушењето често имаат потреба од специјализирана нега и долготрајни терапии, што дополнително ги зголемува трошоците за здравствениот систем.

Индиректните трошоци, пак, ја опфаќаат загубата на продуктивност и економскиот потенцијал на работната сила поради болести и прерана смрт поврзана со употребата на тутун. Овие трошоци не се помалку значајни од директните, бидејќи влијаат врз општеството на долг рок. Кога луѓето заболуваат од болести предизвикани од пушење, тие не само што се соочуваат со зголемени трошоци за нивно лекување, туку и не можат да продолжат да работат со полн капацитет, што води до намалена продуктивност на работното место и загуба на работни денови. Во многу случаи, болестите кои се јавуваат како последица на пушењето се хронични и долготрајни, што доведува до постојано намалување на продуктивноста во текот на годините. Понатаму, многу пушачи умираат предвреме поради компликации од болестите поврзани со пушењето, што претставува директна загуба на човечки капитал и економски потенцијал за општеството. Според студијата „Глобалните економски

трошоци на болестите поврзани со пушењето", врз основа на преметките направени од собраните потребни податоци со кои располагале 152 земји (што претставува 97% од светските пушачи), индиректните трошоци за болестите поврзани со пушењето се проценуваат на 1385 милијарди долари, со 446 милијарди долари за инвалидитет и 939 милијарди долари за смртност (1).

Индиректните трошоци вклучуваат и трошоци поврзани со загубата на заработка од страна на семејствата на погодените лица. Кога една индивидуа која пуши заболува од сериозна болест, честопати членовите на нејзиното семејство мора да се грижат за неа, што доведува до дополнителни економски загуби за целото домаќинство. Овие трошоци ги вклучуваат загубите на плата поради отсуство од работа, дополнителните трошоци за медицинска нега во домот и губењето на работниот потенцијал на семејството. Индиректните трошоци, исто така, вклучуваат намалување на квалитетот на животот, не само за лицето кое пуши, туку и за членовите на неговото семејство, кои често се изложени на пасивно пушење, што понатаму го зголемува ризикот за појава на болести кај нив.

Многу земји, особено оние со висока стапка на пушење, се соочуваат со економски товар од индиректните трошоци поврзани со пушењето. Прераната смрт на работоспособни лица ја намалува националната продуктивност, го зголемува товарот врз системите за социјално осигурување и создава долгорочни финансиски импликации за пензиските фондови и здравствените системи. Во 2012 година, во студијата која ги анализираше глобалните економски трошоци на болестите поврзани со пушењето, беше направена проценка дека од вкупно 2,1 милиони случаи на синдром на ненадајна аритмична смрт (SADs), 1,4 милиони се смртни случаи кај возрасни лица кои инаку би биле активни на работната сила. Дополнително, во студијата е пресметан и бројот на изгубени работни години (LYLs) поради смртност поврзана со пушењето којашто ги вклучува идните работни години што останале до пензионирањето. Така, бројот на изгубени работни години (LYLs) поради болести кои се припишуваат на пушењето достигна 26,8 милиони години, со 18,0 милиони години изгубени поради смртност и 8,8 милиони години изгубени поради инвалидитет (1).

Исто така, влијанието на пасивното пушење ги зголемува индиректните трошоци, бидејќи и непушачите, особено децата и возрасните кои живеат во домаќинства со пушачи, се изложени на зголемен ризик од респираторни и кардиоваскуларни заболувања, што дополнително го оптоварува здравствениот систем.

## 2.2. Придобивки во здравството од контрола на употребата на тутун и тутунски производи

Контролата на употребата на тутун и тутунски производи е еден од најважните приоритети во глобалното здравство, со огромни придобивки за јавните здравствени системи, економиите и општеството во целина. Намалувањето на употребата на тутун и тутунски производи преку ефикасни мерки за контрола на тутунот води кон значително подобрување на здравствената состојба на популацијата. Во продолжение следува подетално разгледување на придобивките од контролата на употребата на тутун и тутунските производи.

### 1. Намалување на бројот на заболувања и смртни случаи

Една од најголемите придобивки од контролата на тутунот е директното намалување на бројот на заболувања поврзани со употребата на тутун, како што се рак на белите дробови, срцеви заболувања, мозочни удари, хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ) и други заболувања на респираторниот систем. Ефективната контрола на тутунот, преку политики за забрана на пушењето на јавни места, зголемување на даноците на тутунските производи и јавни здравствени кампањи, може драстично да го намали бројот на заболувања и смртни случаи поврзани со тутунот.

### 2. Подобрување на квалитетот на животот

Со намалување на бројот на заболувања предизвикани од тутун, се подобрува и општото здравје и квалитетот на живот на поединците. Негативните последици од пушењето, како што се хроничните заболувања на белите дробови, значително го намалуваат квалитетот на животот на погодените лица. Намалувањето на употребата на тутун воедно значи и помалку луѓе кои страдаат од долгорочни здравствени проблеми, што им овозможува поквалитетен и подолг живот.

### 3. Намалување на трошоците за здравствените системи

Контролата на употребата на тутун не само што спасува животи, туку и значително ги намалува трошоците за здравствените системи. Болестите предизвикани од тутун се скапи за лекување, особено хроничните заболувања како рак, срцеви заболувања и респираторни заболувања. Намалувањето на бројот на пушачи води кон намалување на бројот на пациенти кои бараат медицинска грижа за овие заболувања, со што здравствените системи можат да се фокусираат на други приоритети и да го намалат финансискиот товар.

**4. Заштита на непушачите**

Контролата на употребата на тутун значи и заштита на луѓето кои не пушат, но се изложени на штетните ефекти од пасивното пушење. Пасивното пушење е сериозна закана за јавното здравје, особено за децата и бремените жени. Намалувањето на употребата на тутун преку забрани за пушење на јавни места и во затворени простории го намалува ризикот од здравствени компликации кај непушачите, како што се респираторни заболувања, срцеви заболувања и рак.

**5. Економски придобивки**

Иако на прв поглед може да се смета дека тутунската индустрија има позитивен економски придонес преку даноци и работни места, вистинските економски придобивки од контролата на тутунот се многу поголеми. Намалувањето на бројот на пушачи значи и намалување на загубите поради намалена продуктивност и прерана смрт на работоспособни лица. Ова е особено важно за земјите во развој, каде што последиците од употребата на тутун претставуваат огромен товар за националните економии.

**6. Поддршка на здравствени политики и превенција**

Контролата на тутунот е клучна компонента на превентивната медицина и јавните здравствени политики. Мерките за контрола на тутунот, како зголемување на даноците на тутунските производи, поставување на предупредувачки ознаки на пакувањата и забрана на рекламирањето на тутунски производи, се ефективни начини за намалување на употребата на тутун, особено кај младите. Превенцијата од започнување со пушење кај младите е еден од најважните аспекти на долгорочните здравствени придобивки.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД БОЛЕСТИ ПОВРЗАНИ СО УПОТРЕБАТА НА ТУТУН

Кардиоваскуларните болести (КВБ) се водечка причина за смртност на глобално ниво, особено во земјите со низок и среден доход, каде што предизвикуваат повеќе смртни случаи отколку сите други причини заедно. Во Европскиот регион, КВБ заедно со малигните заболувања придонесуваат за три четвртини од вкупната смртност. Според СЗО, околу 80% од сите срцеви болести, срцев удар и дијабетес тип 2 може да се спречат. Тутунот, како еден од главните ризик фактори, има голема улога во развојот на овие болести. Чадот од тутунот содржи над 7000 хемикалии, од кои најмалку 250 се познати како штетни по здравјето, а 69 се познати канцерогени (3). Пушењето

го зголемува ризикот од смрт од коронарна срцева болест и цереброваскуларни заболувања за 2-3 пати, особено кај постари лица и жени.

Во Р.С. Македонија, во 2022 година, од болести на циркулаторниот систем починале 9284 лица, што претставува 41,3% од вкупниот морталитет. Овие податоци покажуваат дека КВБ е најчестата причина за смрт, каде пушењето има голем удел. Акутниот миокарден инфаркт и церебралниот инфаркт сочинуваат поголем дел од исхемичните и цереброваскуларните болести во земјата. Стапката на смртност од КВБ е меѓу највисоките во Европа, со 506,8 на 100.000 жители (4).

Покрај КВБ, малигните неоплазми се втората најчеста причина за смртност во нашата земја, со зголемување на стапката на морталитет од 180,3 на 100.000 жители во 2010 година до 207,9 во 2022 година. Кај мажите, малигната неоплазма на бронхиите и белите дробови, која е директно поврзана со пушењето, е најчеста причина за смрт. Пушењето, исто така, влијае на зголемување на ризикот од рак на дојка, кој е водечка причина за смрт од малигни заболувања кај жените. Според податоците од СЗО, спречувањето на употребата на тутун може да доведе до значително намалување на стапките на смртност од овие заболувања. Од овие причини, неопходно е да се стави акцент на превенцијата (4).

Р.С. Македонија се соочува со недостаток на релевантни стратешки документи за превенција и контрола на незаразни болести. Последниот усвоен документ, Националната стратегија на Република Македонија за превенција и контрола на незаразни болести од 2009 година, не дава задоволителни резултати и не ги исполнува поставените очекувања. Меѓу другото, анализата открива недостаток на конкретни активности насочени кон намалување на бројот на пушачи, кои се идентификувани како главен ризик фактор. Во обид да се подобри оваа состојба, Министерството за здравство изготви Нацрт-Акциски план за превенција на незаразни болести до 2025 година, кој има за цел да воведе посилен стратегиски пристап за намалување на ризиците, посебно од употребата на тутун. Планот се фокусира на намалување на прераната смртност од различни заболувања. Сепак, неопходно е планот да не се сведе само на постоечките законски регулативи, туку да вклучува конкретни мерки за откажување од пушењето, како и зголемување на финансиските вложувања во истражувања. Потребно е и поголемо внимание на мерките за превенција на кардиоваскуларни и респираторни болести, бидејќи недостатокот на конкретни мерки ја прави стратегијата недоволно ефективна (5).

Според податоците презентирани на 31 мај 2023 година на Националниот здравствен форум „Здравствена еднаквост, кохезија и отпорност во Северна Македонија: кон трансформација на здравствениот систем“, незаразните болести придонесуваат за

91% од прераната смртност. Најзначајни ризик фактори за овие болести се високиот крвен притисок, кој е одговорен за 34% од загубените години живот (YLLs), употребата на тутун, која предизвикува 30% од YLLs, и високото ниво на шеќер во крвта, кое придонесува за 23% од YLLs. Овие три фактори заедно предизвикуваат околу 75% од прераната смртност и се сметаат за ризици кои потенцијално може да се спречат.

Вкупно, 444 000 години живот се изгубени поради незаразни болести, од кои 335 000 години (75%) се резултат на ризик фактори што би можеле да се превенираат. Економскиот товар на незаразните болести е значаен, со загуби од 29 милијарди денари од БДП годишно, поради четирите најчести незаразни болести. Сепак, доколку се спроведат соодветни мерки за превенција, можно е да се заштедат дури 22 милијарди денари.

Долгорочниот товар од употребата на тутун во периодот од 2024 до 2038 година претставува голем економски предизвик. Вкупните годишни трошоци поврзани со употребата на тутун изнесуваат 63 милијарди денари, додека вкупниот финансиски товар за овој 15-годишен период се проценува на огромни 1,210 милијарди денари. Овие трошоци вклучуваат директни здравствени трошоци за лекување на заболувања поврзани со тутунот, како и индиректни економски загуби, како што се намалената продуктивност и изгубените работни денови поради болести или прерана смрт.

Економскиот товар од пушењето има значителен ефект на општеството, при што вкупниот годишен трошок поврзан со пушењето се проценува на 38 милијарди МКД. Овој трошок вклучува медицински трошоци, загуба на продуктивност и други економски импликации. Во периодот од 2024 до 2038 година, вкупниот трошок се проценува на 630 милијарди МКД, што укажува на долгорочните последици од пушењето врз економијата.

Изгубената општествена вредност поради пушењето е исто така значајна, при што вкупниот годишен трошок во оваа категорија се проценува на 25 милијарди МКД. Овој трошок подразбира загуба на квалитетот на живот, емоционалните и социјалните трошоци кои произлегуваат од болести поврзани со пушењето. Од 2024 до 2038 година, вкупниот трошок за изгубената општествена вредност се проценува на 493 милијарди МКД, што нагласува колку е важно да се работи на откажување од пушење.

Пушењето не само што влијае на економијата и општествената вредност, туку и на самите животи на луѓето. Вкупниот годишен трошок поврзан со загубата на животи од пушење изнесува 5007. Во периодот од 2024 до 2038 година, вкупниот трошок поради загубените животи се проценува на 78 440. Ова покажува колку е важно да се инвестира во програми за откажување од пушењето и превентивни мерки. Инвестициите во програмите за откажување од пушење покажуваат

значителни економски придобивки. Така, трошоците за имплементација на мерките за намалување на употребата на тутун се проценети на 7 милијарди денари, додека економските придобивки од овие инвестиции достигнуваат 131 милијарда денари. Според анализите, враќањето на економската инвестиција е 19 : 1, што значи дека за секој инвестирани 1 денар во интервенции за намалување на употребата на тутун, се остваруваат 19 денари добивка. Ако се земат предвид сите инвестиции, вкупното враќање на инвестицијата изнесува 21 : 1, што значи дека за секој вложен денар, ќе се добие 21 денар во форма на економски придобивки.

**Слика 1.** Поврат на инвестиции од имплементација на програми за откажување од пушење




Извор: Презентација. Национален здравствен форум. Здравствена еднаквост, кохезија и отпорност во Северна Македонија: кон трансформација на здравствениот систем. 2023

Овие бројки ја нагласуваат важноста на инвестициите во јавните здравствени програми за контрола на тутунот, кои не само што ќе доведат до подобро здравје на населението, туку и ќе донесат значителна економска корист.

## 4. МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ И НИВНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЕФЕКТИ

Во 2016 година, СЗО реализираше глобално истражување за ефектите на политиките за контрола на тутунот, согласно Рамковната конвенција на СЗО за контрола на тутунот (РККТ на СЗО), со фокус на здравствените последици на населението. Анализата на податоците од земјите во југоисточна Европа открива дека во период од 15 години, целосното имплементирање на државните политики за контрола на тутунот, во согласност со РККТ на СЗО, може значително да го намали процентот на пушачи. Според проценките, ефектите од примената на следниве мерки би можеле да бидат:

- Намалување на процентот на пушачи за 8,2 до 28% со зголемување на акцизите на цигари до 75% и спречување на пушењето кај младите.
- Намалување за 1,8 до 12,7% при усвојување и спроведување на обемни закони за забрана на пушењето.
- Намалување за 2,5 до 8% со имплементација на сеопфатни програми за откажување од тутун.
- Намалување за 2,6 до 7% со забрана на разни форми на директно и индиректно рекламирање, промоција и спонзорство.
- Намалување за 3,7 до 6,3% преку зголемување на интензитетот на медиумските кампањи.
- Намалување за 3 до 4,5% ако земјите-членки бараат јасни и графички предупредувања за здравјето прикачени на тутунските производи.

Овие мерки го истакнуваат потенцијалното влијание што може да го има ефективната контрола на тутунот на јавното здравје.

## 5. ПОЛИТИКИ ЗА КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Р.С. Македонија има воведено значајни мерки за контрола на тутунот, демонстрирајќи посветеност на решавање на проблемите со пушењето, со цел унапредување на јавното здравје.

Во 1995 година беше донесен Законот за заштита од пушење, со кој се воведоа делумни ограничувања за пушење во јавни простории, што претставуваше прв чекор во заштитата на населението од штетните ефекти на тутунот. Со измените и дополнувањата на законот до 2018 година, забраните за пушење се проширија, но подоцна беа делумно ублажени. Во 2018 година, се овозможи пушење во специјално одредени простори и на отворени тераси, што ја измени претходната целосна забрана. Дополнително, беше дозволена употребата на електронски уреди кои го загреваат тутунот, но не го согоруваат (HTP), во затворени јавни простори и други јавни места.

Нашата држава, преку потпишување и ратификување на Рамковната конвенција на СЗО за контрола на тутунот, се обврза да ги примени стандардите за производство на тутун и заштита на јавното здравје.

И покрај преземените мерки, законите за контрола на тутунот не се доволно усогласени и не се спроведуваат соодветно, што го отежнува развојот во оваа област. Во 2020 година е забележан ограничен напредок во однос на забраните и даноците за цигарите, но недостига усогласеност во контролата на промоцијата и спонзорствата. Иако во 2014 година нашата држава го потпиша Протоколот за елиминирање на

недозволената трговија со тутунски производи, Европската комисија во 2022 година укажа на недостатокот на значителен напредок во контролата на тутунот. Во својот извештај, Комисијата забележува дека иако е создадена правна рамка усогласена со правото на ЕУ, нејзиното спроведување е неадекватно – пушењето на јавни места и во ресторани продолжува без санкции, што е во конфликт со законодавството на ЕУ, додека Северна Македонија сè уште не го ратификувала Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи. Предлог-законот за ратификација на овој Протокол беше поставен на пленарната седница број 15, одржана на 24.09.2024 година во Собранието на Република Северна Македонија, но не беше разгледан. Имајќи предвид дека околу 14,6% од пушењето во земјата е нелегално, се нагласува потребата од ратификација и имплементирање на Протоколот како итен чекор за намалување на нелегалната трговија и за зајакнување на контролата врз тутунот.

Во нашата земја, цената и акцизите на тутунските производи се уредени со Законот за акцизи. Моменталната акциза за 1.000 цигари во земјата е значително пониска од минималното ниво утврдено од Европската унија, која бара минимум од 90 евра, додека во Р.С. Македонија таа изнесува 54 евра за 1.000 цигари (6).

Според најновите истражувања на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, 47,8% од населението се активни пушачи, додека само 5% успешно се откажале од пушењето во последните години. Што се однесува до советувалиштата за откажување од пушење, кои се дел од Центрите за јавно здравје низ земјата, посетеноста останува многу ниска (4).

**Табела 1.** Посетеност на советувалишта за откажување од пушење

| Советувалишта за откажување од пушење | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **I квартал** | **II квартал** | **III квартал** | **IV квартал** | **Вкупно** |
| **2017** | 39 | 106 | 42 | 31 | 218 |
| **2018** | 119 | 75 | 43 | 44 | 281 |
| **2019** | 73 | 51 | 58 | 96 | 278 |
| **2020** | | | | | |
| **2021** | 13 | 9 | 11 | 9 | 42 |
| **2022** | 10 | 19 | 8 | | 37 |

Извор: ЈЗУ ИЈЗРСМ. Извештај за здравјето и здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија во 2022 година, 2023.

Резултатите од квантитативно истражување спроведено во 2023 година со цел да се откријат бариерите и овозможувачите за откажување од пушење кај возрасните во Р.С. Македонија, покажуваат дека најголем дел од пушачите користат тутун во

домашната средина, со 90,39% кои пушат надвор од домот, 78,82% во надворешните делови на ресторани и барови, а 62% во внатрешните делови на домовите и на работните места (7).

**Графикон 1.** Места кадешто најчесто се пуши




Извор: Извештај од резултати од бихејвиорални студии за употреба на тутун, тутунски и сродни производи во Република Северна Македонија. 2023

Пропустите и измените во Законот за заштита од пушењето негативно влијаат на ситуацијата со пушењето во нашата држава и се меѓу главните причини зошто пушењето продолжува да биде општествено нормализирано и прифатено. Затоа, прилагодувањето на Законот во согласност со европските регулативи, заедно со редовни контроли на угостителските објекти, би можело да доведе до значително намалување на бројот на активни пушачи.

## 6. ОДАНОЧУВАЊЕ НА ТУТУНОТ И ТУТУНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Оданочувањето на тутунот и тутунските производи е докажано како ефикасна мерка за намалување на пушењето и подобрување на јавното здравје. СЗО го препознава како една од клучните интервенции за намалување на побарувачката на тутун. Зголемувањето на даноците на тутун не само што помага во намалување на потрошувачката на тутун и тутунски производи, туку и обезбедува дополнителни даночни приходи кои можат да послужат за финансирање на јавноздравствени

иницијативи. Овие средства можат да се искористат за програми за превенција и поддршка на пушачите во процесот на откажување од пушење. На овој начин, оданочувањето на тутунот не само што придонесува за подобрување на здравјето, туку и создава услови за економски развој.

## 6.1. Студија за анализа на даночни модели на тутун во Р.С. македонија

Резултатите од студија спроведена во нашата земја во 2023 година, која ги испитува ефектите од потенцијалното зголемување на акцизата за тутун врз потрошувачката на цигари, покажуваат дека зголемувањето на приходите од акциза како резултат на повисоки даноци и цени на тутунот варира во зависност од различните претпоставки, движејќи се од 5,23 до 22,44 проценти. Вкупните даночни приходи, пак, се зголемуваат од 4,86 до 21,45 проценти, врз основа на проценетата еластичност на цените и приходите од потрошувачката на тутун.

**Табела 2.** Проценети ефекти од зголемувањето на акцизата врз приходите на државата (% промена)

| | Сценарио 1: 10% зголемување на специфична акциза | | | Сценарио 2: 30% зголемување на специфична акциза | | | Сценарио 3: 50% зголемување на специфична акциза | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Модел 1 | Модел 2 | Модел 3 | Модел 1 | Модел 2 | Модел 3 | Модел 1 | Модел 2 | Модел 3 |
| | Вкупен приход од акциза | | | Вкупен приход од акциза | | | Вкупен приход од акциза | | |
| **2024** | 8.20% | 5.28% | 6.49% | 16.81% | 6.51% | 11.92% | 22.44% | 2.72% | 13.50% |
| **2025** | 8.18% | 5.23% | 6.47% | 16.48% | 5.91% | 11.50% | 21.45% | 1.54% | 12.39% |
| | Вкупен приход од данок | | | Вкупен приход од данок | | | Вкупен приход од данок | | |
| **2024** | 7.80% | 4.89% | 6.12% | 15.43% | 5.30% | 10.64% | 20.26% | 1.01% | 11.55% |
| **2025** | 7.80% | 4.86% | 6.11% | 15.34% | 4.90% | 10.43% | 19.87% | 0.25% | 10.95% |

Извор: Аналитика. Анализа на даночни модели за тутун: студија на случај во Р.С. Македонија, 2023

Исто така, со анализата беше утврдено дека зголемувањето на акцизата, покрај економските придобивки, генерира и здравствени придобивки преку намалување на бројот на смртни случаи поврзани со пушењето, при што поголемите зголемувања на акцизата водат до уште позначајни здравствени придобивки. Овие резултати истакнуваат дека зголемувањето на акцизата директно влијае на намалувањето на интензитетот на пушење.

**Графикон 2.** Ефекти од промените на акциза врз бројот на пушачи кои избегнуваат прерана смрт




Извор: Аналитика. Анализа на даночни модели за тутун: студија на случај во Р.С. Македонија, 2023

Дополнително, зголемувањето на даноците на тутун може да помогне во намалување на предвремените смртни случаи поврзани со пушењето, особено кај младите, кои први се обесхрабруваат да започнат со пушење.

Графикон 3. Ефекти од зголемувањето на акцизата врз бројот на млади пушачи кои избегнуваат прерана смрт




Извор: Аналитика. Анализа на даночни модели за тутун: студија на случај во Р.С. Македонија, 2023

## 7. ЈАВНИ КАМПАЊИ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕ

Спроведувањето на јавни кампањи за откажување од пушењето е потребно за подигнување на свеста за штетите што употребата на тутун ги носи по здравјето. Овие кампањи играат клучна улога во образованието на населението, особено на младите, за ризиците поврзани со пушењето. Информирањето за последиците и предностите на откажувањето може да ги мотивира пушачите да направат позитивна промена. Континуираните кампањи создаваат поддршка во заедницата и поттикнуваат култура на здрави навики. Користењето на различни медиуми и методи е важно за да се допре до што поголем број на луѓе. Соработката помеѓу образовните и здравствените институции, како и граѓанскиот сектор може да ја зајакне ефикасноста на овие напори. Вклучувањето на лични приказни и искуства на поранешни пушачи може да биде инспиративно за другите.

И покрај постоечките законски мерки, овие кампањи не се доволно застапени, што е особено загрижувачки со оглед на високиот број на пушачи (околу 517.000 пушачи), особено меѓу младите. Потребни се континуирани акции за подигнување на свеста и образование за здравствената превенција, кои ќе придонесат за промоција на здрави навики. Владата и надлежните министерства треба да обмислат стратегиски планирани кампањи посебно насочени кон младите генерации. Агенцијата за млади и спорт игра важна улога во оваа сфера и треба да ја засили својата активност. За поголема ефикасност, дел од средствата за финансирање на кампањите треба да се издвојуваат од акцизните приходи. Континуираните и иновативни кампањи се од суштинско значење за успешната борба против пушењето.

# 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Заклучоците од анализата на употребата на тутун во нашата земја откриваат сериозни проблеми и укажуваат на потреба од итни мерки за подобрување на политиките. Главната забелешка е дека контролата на тутунот во земјата се оценува само преку законските забрани, при што важни аспекти, како што се забраните за промоција и спонзорство, остануваат неусогласени и занемарени. Оваа ситуација дополнително се влошува со недоволниот напредок во спроведувањето на законодавството за контрола на тутунот, што беше потврдено од Европската унија. Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи е од голема важност, особено поради високата преваленција на нелегални цигари, што укажува на проблем со затајување на данокот. Поради тоа, итно е потребно ратификување и имплементирање на овој протокол, како и поддршка за превентивни мерки.

Анализите покажуваат дека зголемувањето на специфичната акциза на тутунските производи може да доведе до значителен раст на буџетските приходи од акциза. Дополнително, зголемувањето на даночното оптоварување на цигарите носи значајни придобивки за јавното здравје. Ова зголемување може да ги намали предвремените смртни случаи поврзани со пушењето, особено кај младите, кои најпрво се одвраќаат од започнување со пушење.

Во контекст на здравствените трошоци, употребата на тутун е поврзана со големи трошоци за лекување на хронични незаразни болести (ХНБ), како што се кардиоваскуларни заболувања и рак. Овие трошоци влијаат не само врз медицинскиот систем, туку и врз продуктивноста и економскиот товар на семејствата. Изложеноста на тутунскиот дим, односно пасивното пушење, дополнително ги зголемува здравствените трошоци поради штетите врз околината, особено врз децата.

Затоа, неопходно е да се развие стратегиски пристап за конрола на употребата на тутун и тутунските производи, со посебен акцент на мерките за зголемување на акцизите и зајакнување на неценовните политики, како што се забраните за пушење во затворени простории. Исто така, инвестирањето во јавни и едукативни кампањи може да ја намали преваленцата на пушењето, особено кај младите.

# 9. ПРЕПОРАКИ

Извештајот ги истакнува значајните економски и здравствени импликации од употребата на тутун и тутунски производи. Трошоците поврзани со лекувањето на хронични болести предизвикани од пушењето, како и изгубената продуктивност, претставуваат сериозен товар врз здравствениот систем и економијата. Препораките во овој извештај се фокусираат на зајакнување на постојните законски рамки, усогласување со меѓународните стандарди и подобрување на програмите за превенција и одвикнување од пушење, со цел да се намалат трошоците и да се подобрат здравствените исходи на населението.

**1. Усогласување на правната рамка за контрола на тутунот со меѓународните стандарди:**

- Правната рамка за контрола на тутунот во С.Р. Македонија треба систематски да се спроведува и да се усогласи со правото на ЕУ, вклучувајќи санкции за пушење на јавни места, како и со Рамковната конвенција на СЗО за контрола на тутунот (РККТ) и препораките на СЗО за значајно намалување на пушењето.

**2. Зајакнување на законските мерки:**

- Потребно е да се надминат слабостите во постојните закони за тутун и заштита од пушење, преку зајакнување на мерките за контрола на промоцијата и спонзорството на тутунските производи.

**3. Ратификување и имплементација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи:**

- Ратификување и имплементацијата на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи е од суштинско значење за подобрување на правната рамка и намалување на нелегалната продажба.

**4. Подобрување на стратегискиот пристап за спречување и лекување на хронични незаразни болести (ХНБ):**

- Развој и имплементација на Стратегија за превенција и контрола на незаразни болести, која вклучува конкретни, мерливи цели за намалување на употребата на тутун, зголемување на акцизите, забрани за пушење во јавни простори, активна поддршка за откажување од пушењето и образовни кампањи, со редовен мониторинг и евалуација на напредокот.

**5. Собирање податоци и анализа на трошоци:**

- Треба да се овозможи систематско собирање на податоци за трошоците поврзани со здравствената нега на пушачите, како и анализа на економските ефекти на различни интервенции.

**6. Поголема поддршка за советувалишта за откажување од пушење и здравствени работници:**

- Потребно е да се зголеми поддршката за советувалиштата и здравствените работници преку обуки, финансии за никотинска терапија и групи за откажување од пушењето.

**7. Едукација и јавни кампањи:**

- Интензивни образовни кампањи за подигнување на свеста и промоција за откажување од пушењето за штетноста од пушењето треба да се спроведуваат во јавноста, училиштата и на работните места.

Следењето на овие препораки може да резултира со поефикасни политики за контрола на тутунот и намалување на употребата на тутун и тутунски производи. Со оглед на економското влијание на производството на тутун, важно е овие политики да бидат усогласени со меѓународните стандарди на Светската здравствена организација и Европската унија, со цел да се подобри општото здравје и да се заштитат ранливите групи, особено младите. Комбинацијата на ефективни мерки за контрола, зголемување на акцизите и подобра усогласеност во спроведувањето на законодавството ќе создаде услови за поголем напредок во заштитата на јавното здравје и намалување на негативните последици од пушењето.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Goodchild M, Nargis N, Tursan d'Espaignet E Global economic cost of smoking attributable diseases Tobacco Control. 2018.

2. Аналитика. Анализа на даночни модели за тутун: студија на случај во Р.С. Македонија. 2023.

3. Possenti I, Scala M, Rognoni M, et al. Analysis of the direct economic impact of smoking-related hospitalizations in Italy. Tobacco Induced Diseases. 2024.

4. Извештај за здравјето и здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија во 2022 година. ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. 2023.

5. Камбовски В, Фити Т, Мујоска Трпевска Е, Ангелова Б, Тониќ-Рибарска Ј, Пејов Љ, Алексов Ж, Хаџи-Зафиров Ж. Правни, економски и медицински согледувања кон концептот за намалување штети од користење тутун. Скопје : Центар за правни истражувања и анализи. 2023.

6. Аналитика. Влијание на цените на цигарите и политиките за контрола на тутунот врз започнувањето со пушење кај адолесцентите: докази од Р.С. Македонија. 2023.

7. Петровски М. ИЗВЕШТАЈ резултати од бихејвиорални студии за употреба на тутун, тутунски и сродни производи во Република Северна Македонија. ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. 2023.